Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 127/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Битола, на ден 19.10.2020 година, донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

За планскиот документ, кој се носи согласно потврда за заверка бр. 08-528/3 од 16.06. 2020 год. на одобрена планска програма односно отпочнување на постапка за изработка на Детален Урбанистички План **ДУП ЗА ДОВЛЕЏИК КАЈ БАЗЕНИТЕ БЛОК А.1 (ДУП ЗА ЧЕТВРТ ЗАПАД 3, БЛОК З.03.03)** Општина Битола не е потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чл. 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ДУП ЗА ДОВЛЕЏИК КАЈ БАЗЕНИТЕ БЛОК А.1(ДУП ЗА ЧЕТВРТ ЗАПАД 3, БЛОК З.03.03** Општина Битола нема да има влијание врз животната средина од причина што основната класа на намена е • А (Домување) А1 ( Семејно домување во станбени куќи ) и А2 ( Семејно домување во станбени згради
Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Битола на следната веб адреса/и: www.bitola.gov.mk

Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Битола во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08-626
19.10.2020
Општина Битола

Име и презиме
Градоначалник

**м-р Наташа Петровска**